# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО



| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **Бр. 11 год. 23** |



**Општина Чучер - Сандево, октомври 2020 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува** | **Вторник** | **Бр. 11** |
| **по потреба** | **27 октомври 2020 година** | **Год. 23** |


# 70.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА III КВАРТАЛ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2020 ГОДИНА**

Се објавува **Одлука за усвојување на квартален извештај за III квартал за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2020 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **37-та** седница, одржана на **26 октомври 2020** година.

**Бр.09-924/1** — **Општина Чучер-Сандево**
**27.10.2020 година** — **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** — **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02,) член 32 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локланата самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.61/04, 96/04,67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18) член 23 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.05/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **37-та** седница одржана на **26.10.2020** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ, ЗА III КВАРТАЛ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕО ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Се усвојува квартален извештај за **III** квартал, за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за период од 01.01.2020 до 30.09.2020 година.

2. Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за период од 01.01.2020 до 30.09.2020 година, е составен дел на оваа Одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-874/3**
**26.10.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 71.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2020 ГОДИНА**

Се објавува **Програма за измена и дополнување на програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2020 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **37-та** седница, одржана на **26 октомври 2020** година.

**Бр.09-924/2**
**27.10.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа член 22 став 1 точка 1, член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр. 5/02), член 95 од Законот за градежното земјиште ("Службен весник на Р.М." бр. 15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и "Службен весник на Р.С.М." бр.275/19,), член 4 став 1 точка 3 од Законот за финасирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и Службен весник на Р.С.М." бр. 244/19) и член 23 став 1 точка 8 од Статутот на општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на **37-та** седница одржана на **26.10.2020** година, донесе

## П Р О Г Р А М А
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2020 ГОДИНА**

### Член 1

Се врши измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2020 година ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.01/2020, 03/2020 и 05/2020) на тој начн што:

-во подточка 5.4. по графата со реден број 4 се додава нова графа која гласи: "

| | | |
|---|---|---|
| 5 | администрација | 0.5 |

"

-во подточка 6.2.1. бројот "25" се заменува со бројот "30 ".

### Член 2

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Чучер-Сандево".

**Бр. 08-874/4**
**26.10.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 72.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕН ВО НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "СКОПСКА ЦРНА ГОРА"

Се објавува **Одлука за разрешување на член во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на јавно комунално претпријатие "Скопска Црна Гора"**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **37-та** седница, одржана на **26 октомври 2020** година.

**Бр.09-924/3**
**27.10.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Р.М" " бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 9/07, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14; 138/14, 25/15; 61/15; 39/16; 64/18; 35/19 и "Службен весник на Р.С.М." 275/19), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр.5/02) и член 23 Статутот на општината Чучер-Сандево ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево"бр. 5/19), Советот на Општина Чучер-Сандево на седницата одржана на **26.10.2020** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕН ВО НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "СКОПСКА ЦРНА ГОРА"

**Член 1**

Горан Перовиќ **се разрешува** од функцијата член во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие "Скопска Црна Гора" с.Мирковци, Општина Чучер-Сандево,

**Член 2**

Одлуката да се достави до Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие "Скопска Црна Гора" с.Мирковци, Општина Чучер-Сандево.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр. 08-874/5**
**26.10.2020 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 73.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН ВО УПРАВЕН ОДБОР НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА "МИЛО МОЕ" ВО ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

Се објавува **Одлука за разрешување и именување на член во управниот одбор на јавна општинска установа за деца-детска градинка "Мило Мое" во Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **37-та** седница, одржана на **26 октомври 2020** година.

**Бр.09-924/4**
**27.10.2020 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 23 став 1 точка 28 од Статутот на Општината Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општината Чучер-Сандево" бр. 5/19), а во врска со член 114 од Законот за заштита на деца ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" 104/19, 146/19 и 275), Советот на Општина Чучер-Сандево на 37-та седницата одржана на **26.10.2020** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА -ДЕТСКА ГРАДИНКА "МИЛО МОЕ" ВО ЧУЧЕР-САНДЕВО, ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

**Член 1**

Никола Урдаревски **се разрешува** од функцијата член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца-детска градинка "МИЛО МОЕ" во Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево,

**Член 2**

Зоран Томашевски **се именува** за член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца-детска градинка “МИЛО МОЕ“ во Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево**.**

**Член 3**

Одлуката да се достави до Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца-детска градинка “МИЛО МОЕ“ во Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“.

**Бр. 08-874/6**
**26.10.2020 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# СОДРЖИНА

стр

70. Одлука за усвојување на квартален извештај за III квартал за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2020 година ................................ 1

71. Програма за измена и дополнување на програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Чучер-Сандево .......... 28

72. Одлука за разрешување на член во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на јавно комунално претпријатие “Скопска Црна Гора“................................................................ 29

73. Одлука за разрешување и именување на член во управниот одбор на јавна општинска установа за деца-детска градинка “Мило Мое“ во Чучер-Сандево, Општина Чучер-Сандево ................................................ 30